Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 144. Дата: 25. 09. 2012.

# ХРИСТИЈАНСКИ ХУМОР 2



Пред вратата на небото, цела редица луѓе кои чекаат да влезат. Помеѓу нив и еден свештеник.

По долго чекање му здосадило и излегол од редицата, отишол кај ангелот пред портата, за да се обиде да влезе преку ред, со образложение дека тој е свештеник. Но, ангелот му рекол дека дури и тој ќе мора да си го чека својот ред. Свештеникот незадоволно се вратил во редот.

По неколку минути друг човек излегол од редот и штом отишол кај ангелот, веднаш бил пуштен да влезе. На ова свештеникот бурно реагирал: „Како е можно ова? Јас како свештеник не можев да влезам преку ред, а овој човек го пуштивте веднаш. Јас го познавам тој човек. Во мојот град, тој беше возач на автобус и постојано беше пијан.“ На тоа, ангелот му одговорил: „ Да така е, но кога ти проповедаше, сите спиеја, а кога тој возеше, сите се молеа“

**Прашање: Какво влијание има твојот живот, врз животот на другите?**



Во Русија, за време на зимата, некој човек станал христијанин и посакал да се крсти. Човекот во градот бил познат како голем лажго, па сите се изненадиле и радувале, кога разбрале дека и тој решил да се промени и да оди по Божјиот пат.

Штом се било подготвено, пасторот го однел новиот верник до најблиската река и двајцата заедно влегле во студената вода.

Откако крштевањето било извршено, пасторот забележал дека верникот е згрчен од студ, па загрижено прокоментирал: „Тебе веројатно ти е ладно“.

На тоа човекот скромно му одговорил: -„ Не не, ништо не ми е. Не ми е ладно“. Кога го слушнале тоа, некој од присутните извикал: -„Пасторе, крсти го повторно, овој сеуште лаже.“

**Прашање: Дали, откако се крсти, започна да живееш променет живот?**



Човек разговара со Бог:
Човекот: „Боже, колку е за тебе еден милион денари?“.
Бог: „како еден денар“.
Човекот: „А колку долго е милион години?“.
Бог: “Како една секунда“.
Човекот: „Боже, дај ми еден денар“.
Бог: „Секако. Почекај една секунда.

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com